Информативно гласило на Град

# СКОПЈЕ

Бесплатен примерок

| Број 23 | Година IV | 14.12.2011г. |





**Коце Трајановски**
Градоначалник на Град Скопје

## Почитувани сограѓани,

Годинава што изминува ја одбележаа многу успешни проекти на коишто јас и мојот тим сме особено горди. Со проектите на Градот Скопје во годинава што изминува донесовме современи сообраќајни решенија, применивме нови материјали и енергетски ефикасни технологии при градењето и покажавме дека проектите може навреме и квалитетно да се завршуваат. Проектите на Градот Скопје во 2011 година придонесоа за трансформација на градот во вистинска метропола, а позитивните промени ги чувствуваме сите.

Морам да напоменам дека решавањето на сообраќајниот метеж во градот и подобрувањето на комуналната хигиена и годинава беа главна цел во нашата работа. Особено сум горд на успешно завршениот проект за проширување и реконструкција на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов. Ова тесно сообраќајно грло коешто беше црна точка во сообраќајот на Скопје по пет месеци градежни работи се трансформира во модерна и проточна сообраќајница со турбо кружен тек, прв од ваков тип во нашава земја. Новото сообраќајно решение го намали задржувањето на возилата во центарот на градот, ја зголеми безбедноста во сообраќајот и придонесе за намалување на загадувањето на воздухот.

Вакви придобивки Скопје има уште од неколку градски проекти што ги завршивме годинава. Булеварот Свети Климент Охридски, на потегот од улицата Мито Хаџивасилев Јасмин до крстосницата со булеварот Партизански одреди доби шест ленти и се претвори во вистински сообраќаен коридор. Кружен тек Градот Скопје изгради и на улицата Ѓорче Петров, во истоимената општина и го олесни движењето кон излезот на градот. Нов асфалт добија булеварите Партизански одреди, Кузман Јосифовски Питу и Крсте Мисирков, како и улиците Даме Груев, Васил Аџиларски, Стив Наумов, Козле, Радишанска, кракот од Јужноморавски бригади, Пелагонија, Волковска... Годинава што изминува ја одбележаа и пробивањето на булеварот Илинден кон населбата Карпош, булеварот Србија и пробивањето на булеварот Македонска војска. За побезбедно движење на пешаците, Градот Скопје спроведе голема акција за обнова на тротоарите и на пешачките патеки во центарот на градот.

Мостот „Гоце Делчев“ и „Мостот на Револуцијата“ добија нова ограда и ново осветлување, а екипите на Градот Скопје работат и на изградба на нов мост на реката Вардар, во Сарај.

За решавање на проблемот со недостигот на паркинг-места во градот почнавме изградба на две катни гаражи во центарот на градот, на улицата Даме Груев и на улицата Мито Хаџивасилев Јасмин. Изградивме и уредивме уште три големи паркиралишта, пред Зоолошката градина, под Транспортниот центар и на улицата Васко Карангелевски.

Во текот на 2011 година ја продолживме нашата заложба за доопремување на јавните градски претпријатија за да се зголеми нивната ефикасност на терен. Нови 148 автобуси, нископодни и двокатни, пристигнаа за ЈСП, нови машини доби ЈП „Паркови и зеленило“, 17 камиони набавивме за ЈП „Комунална хигиена“, а со опрема се поднови и ЈП „Дрисла“. За граѓаните набавивме 60 000 индивидуални канти за отпад коишто бесплатно ги делиме, а на повеќе локации низ градот поставивме и жичени контејнери за селектирање на отпадот, со што влијаеме на менувањето на навиките и на подигање на свеста кај граѓаните за потребата од селектирање и преработка на отпадот.

Скопје доби нов, уреден Цветен пазар, во Градскиот парк поставивме нови стилизирани чешми за вода и осветлување, а заради безбедност на посетителите ограда беше поставена и по должината на пешачката патека во кањонот Матка.

Градот Скопје интензивно работи на обнова на градските дрвореди. Досега засадивме 42 000 садници по должината на булеварите, активно го поддржавме Денот на дрвото, ги уредувавме жардиниерите и за првпат се вклучивме во најмасовната Европска манифестација – Европската недела на мобилност.

Околу милион евра Градот Скопје вложи во реконструкцијата на зградите на 12 средни училишта. Ги заменувавме старите штетни покриви, дотраената столарија и електрична мрежа и градевме атлетски терени за учениците. Со поддршката на средношколските лиги и традиционалниот Скопски маратон 2011 ја потврдивме нашата заложба да вложуваме во спортот и во здравата иднина на нашите млади сограѓани.

Преку поддршка на многубројните културни манифестации го збогативме културниот живот во Скопје, како и туристичката понуда.

Во годинава што следува не очекуваат многубројни проекти на коишто веќе напорно работиме. Воспоставувањето на Центарот за управување и контрола на сообраќајот, проширувањето и реконструкцијата на улицата Првомајска, проширувањето на булеварите Илинден и Митрополит Теодосиј Гологанов кон Карпош, проширувањето на булеварот Христијан Тодоровски Карпош и доградбата на новиот мост на реката Вардар во Сарај, се само дел од планираните проекти од коишто ќе имаат придобивки моите сограѓани, но и сите посетители на Скопје.

**Почитувани,**

Во пресрет на Новата 2012 година би сакал да Ви пожелам добро здравје и многу успеси во животот, во надеж дека јас и мојот тим и во новата година ќе ја оправдаме вашата доверба.

**„СКОПЈЕ“**
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66

**Телефони**
02 3297 255

**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн**
НАМПРЕС - Скопје

**Печати**
НАМПРЕС - Скопје

# НОВ ЛИК ЗА ТРОТОАРИТЕ ВО ЦЕНТАРОТ

Тротоарите по должината на шест клучни сообраќајници во центарот на градот есенва добија нов лик. Оштетените тротоари коишто со години создаваа проблеми во движењето на пешаците беа целосно раскопани и покриени со бетонски префабрикувани плочи, а за реализација на овој обемен проект Градот Скопје одвои околу 32 милиона денари.

На обнова на тротоарот од двете страни на булеварот Гоце Делчев, од мостот „Гоце Делчев" до крстосницата со улицата Васил Аџиларски работеа екипите на ИГМ „Вратница". Пешачката патека на булеварот Партизански одреди, пред Соборниот храм, на дел од булеварот ВМРО, како и патеката пред објектот на НУБ „Свети Климент Охридски" ја обновија градежниците од „Чингар инжинеринг". На тротоарот по должината на улиците Васил Аџиларски и 11Октомври, кај паркот„Жена-борец", работеа екипите на„Пелагонија – Гостивар". За реконструкција на пешачката зона на улицата Васил Главинов и на дел од булеварот Илинден (од мостот „Гоце Делчев" до зградата на Владата на Република Македонија) беше задолжена компанијата„Урбан инвест".


Булевар Гоце Делчев


Булевар Илинден


Булевар Партизански одреди


Улица 11 Октомври


Улица Васил Главинов


Булевар ВМРО

# ПРВ КРУЖЕН ТЕК ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Улиците Ѓорче Петров, Воин Драшкоци и Радушка, во општината Ѓорче Петров, во мај годинава ги поврза кружна крстосница. Кружниот тек има две коловозни ленти широки 7 метри и нови пешачки и велосипедски патеки покриени со бекатон-плочки. На кружниот тек се поставени нови сообраќајни знаци, без семафори.

Градот Скопје со ова ново сообраќајно решение придонесе значително да се намали сообраќајниот метеж што беше честа слика на улицата Ѓорче Петров и да се зголеми протокот на возила.

На изградбата на овој модерен кружен тек работеа екипите на градежната компанија „Пелагонија – Гостивар“.



# БУЛЕВАРОТ МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ ДОБИ ТУРБО КРУЖНА КРСТОСНИЦА



Долгите редици возила и сообраќајниот метеж на улицата Митрополит Теодосиј Гологанов останаа во минатото. Со успешното завршување на капиталниот проект за проширување и реконструкција во месец октомври, оваа сообраќајница доби турбо кружна крстосница, прва од ваков вид во Скопје, 4 сообраќајни ленти, нови тротоари и велосипедски патеки, осветлување и ново зеленило.

Проширувањето на постојната улица се одвиваше на потегот од улицата Франклин Рузвелт до улицата Костурски херои (еден крак) и кон улицата Мито Хаџивасилев Јасмин до свртувањето надесно кон улицата Народен фронт (втор крак), во вкупна должина од 1 600 метри. Новоформираниот коловоз на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов е асфалтиран на површина од околу 20 000 квадратни метри, при што завршниот слој асфалт е изработен со полимер којшто го забавува стареењето на асфалтот и формирањето траги од движењето на возилата.

Реализацијата на овој капитален проект во голема мера придонесе за решавање на сообраќајните проблеми во централното градско подрачје, за зголемување на проточноста на возила и за намалување на времето на патување, што придонесува и за заштита на животната средина.

На проширување и реконструкција на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов работеа екипите на градежната фирма „Бауер БГ", а за овој проект Градот Скопје потроши околу 96 милиони денари.



# ОБНОВЕНИ ШЕСТ ГОЛЕМИ СООБРАЌАЈНИЦИ ВО ЦЕНТАРОТ

Булеварите Партизански одреди, Крсте Мисирков и Кузман Јосифовски Питу, како и улиците Даме Груев, Васил Аџиларски и Стив Наумов во јуни добија нов асфалт. Во акцијата на Градот Скопје стариот и оштетен асфалтен слој на овие сообраќајници е изгребан, шахтите и сливниците се нивелирани, автобуските стојалишта се уредени и е нанесен нов асфалт.

За изведување на градежните работи на шесте улици Градот Скопје одвои околу 150 милиони денари.

На обнова на булеварот Партизански одреди и на улицата Даме Груев работеа екипите на ГП „Пелагонија – Гостивар“, а улиците Васил Аџиларски и Стив Наумов ги обновија градежниците од „Хуљуси комерц“. Асфалтот на булеварот Крсте Мисирков го обновија екипите на градежната фирма „Бауер БГ“, а на реконструкција на булеварот Кузман Јосифовски Питу, кај Железничката станица, работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.


Булевар Кузман Јосифовски Питу


Булевар Партизански одреди


Улица Стив Наумов


Улица Васил Аџиларски



Булевар Крсте Мисирков


Улица Даме Груев

# ШЕСТ ЛЕНТИ ЗА БУЛЕВАРОТ СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ




Од крстосницата со улицата Мито Хаџивасилев Јасмин до крстосницата со булеварот Партизански одреди, во должина од 524 метри, булеварот Свети Климент Охридски во септември доби шест ленти, нови тротоари и средишно зеленило.

Со проектот за проширување и реконструкција на булеварот Свети Климент Охридски се преуредени и постојните крстосници, а на крстосницата со булеварот Партизански одреди се скратени пешачките острови, со што булеварот Партизански одреди доби трета коловозна лента во насока кон центарот на градот.

Во текот на градежните работи постојните подземни инсталации се дислоцирани под тротоарите, а водоводната цевка е целосно заштитена со армирано-бетонска конструкција. За одведување на атмосферските води од новата сообраќајница се изведени дополнителни 42 сливници.

На терен работеа екипите на градежната компанија „Гранит“. За реализација на овој капитален проект Градот Скопје одвои околу 37 милиони денари.

# ДОВРШЕН БУЛЕВАРОТ СРБИЈА




Булеварот Србија годинава доби 5 коловозни ленти, тротоари, велосипедски патеки, средишно зеленило и ново осветлување. Должината на новоизградената делница изнесува 2 000 метри, од крстосницата со булеварот Видое Смилевски Бато до улицата Првомајска. На крстосницата со влезот во фабриката „Усје“ е оформен кружен тек којшто ќе овозможи проток на сообраќајот без застој.

Реализацијата на овој значаен проект придонесе за подобра комуникација меѓу општините Аеродром, Кисела Вода и Гази Баба.

За изградба на овој капитален објект Градот Скопје потроши околу два милиона евра.

# НОВ КОЛОВОЗ ЗА ДЕЛ ОД УЛИЦАТА КОЗЛЕ...

Екипите на Градот Скопје ја заврšија првата фаза од реконструкцијата на улицата Козле, во општина Карпош. Во должина од 444 метри оваа улица доби нов асфалт и нови тротоари, на потегот од последната станица на автобусот со број 57 до крстосницата со улицата Јуриј Гагарин. На првиот дел од улицата Козле поставена е и нова атмосферска канализација во должина од 380 метри.

На обнова на улицата Козле работеа екипите на градежната компанија „Пелагонија – Гостивар", а за градежните работи Градот Скопје одвои околу 11,5 милиони денари.

Обновата на оваа сообраќајница ќе се одвива во три фази и ќе продолжи во зависност од временските услови. Од улицата Козле вкупно ќе се обноват 1 301 метар, се до крстосницата со улицата Нерешка.





## ...ЗА УЛИЦАТА КРУШОПЕК

Во јуни беше реконструирана улицата во селото Крушопек, општина Сарај. Делницата е долга 1 200 метри и широка 4,5 метри.

Овој проект е резултат на добрата соработка меѓу Градот Скопје и општината Сарај. За обнова на улицата Крушопек се потрошени 14 милиони денари, а Градот Скопје учествуваше со 8,5 милиони денари.



## ... И ЗА ДЕЛ ОД УЛИЦАТА РАДИШАНСКА

Во општината Бутел, нов асфалт доби улицата Радишанска, во должина од 700 метри, од првиот до третиот влез во населбата Радишани. Коловозот на улицата Радишанска го обновија екипите на градежната компанија „Хуљуси комерц", а во реконструкцијата Градот Скопје вложи околу 10 милиони денари.



## ПРОБИЕН ВТОРИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ ИЛИНДЕН...

Булеварот Илинден пред два месеца беше проширен од крстосницата со булеварот 8.Септември до бензинската пумпа на „Макпетрол“. Во должина од 280 метри оваа значајна сообраќајна артерија доби 4 коловозни ленти и велосипедска патека широка 2,5 метри, а крстосницата со улиците Бледски договор и Борис Трајковски беше семафоризирана.

За проширување и реконструкција на булеварот Илинден беа задолжени екипите на ЈП„Улици и патишта“. Во реализацијата на овој проект Градот Скопје вложи околу 20 милиони денари.

## ... И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ МАКЕДОНСКА ВОЈСКА

Вториот дел од булеварот Македонска војска во текот на ова лето беше пробиен од крстосницата со улицата Ѓорче Петров кон стадионот на ФК„Македонија Ѓорче Петров“ во должина од 850 метри.

Сообраќајницата е широка седум метри, оформени се тротоари покриени со бекатон-плочки, а поставено е и ново улично осветлување.

На изградба на вториот дел од булеварот Македонска војска работеа екипите на градежната компанија АД„Гранит“, а Градот Скопје за реализација на овој капитален зафат потроши околу 25 милиони денари.





## АСФАЛТНА БАЗА ЗА ЈП„УЛИЦИ И ПАТИШТА“

Асфалтната база на ЈП „Улици и патишта“ што се наоѓа во кругот на фабриката„Железара“ во Бутел на почетокот на ова лето беше обновена според европски стандарди. Со реконструкцијата на базата јавното претпријатие ја подобри ефикасноста во работењето, се подобри квалитетот на асфалтот и времето за негова изработка, а се намали можноста од дефекти. За целосна реконструкција на базата Градот Скопје вложи 15 милиони денари.

# НОВ АСФАЛТ ЗА УЛИЦИТЕ ВО НАСЕЛБИТЕ...



## ... ВОЛКОВО

Нов асфалт на крајот на месец септември доби улицата Волковска, на потегот од центарот на населеното место Волково до последната станица на автобусот со број 22. Сообраќајницата е проширена и реконструирана во должина од 1 300 метри.

Улицата Волковска ја проширија и реконструираа екипите на ЈП „Улици и патишта“, а Градот Скопје во овој проект вложи околу 12 милиона денари.



## ...УСЈЕ

Неколку улици во населбата Усје, коишто пред повеќе години беа раскопани заради поставување водоводна мрежа, добија нов асфалт. Проширена и асфалтирана беше улицата број 1, во должина од 400 метри, како и улиците број 2, број 3, број 4 и број 22 во вкупна должина од 600 метри.

Градот Скопје за овој проект одвои 3,3 милиони денари, а на терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.



## ... ХИПОДРОМ

Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ го асфалтираа патот кон населбата Хиподром, од пругата во Маџари до спортскиот центар во Хиподром. Патот е долг 1 100 метри.

Во овој зафат Градот Скопје вложи околу 4 милиони денари.



## ... ИНЏИКОВО

Нов асфалт доби и патот за населбата Инџиково во општината Гази Баба, на потегот од СОС Детското село до мостот во Инџиково. Патот е долг 420 метри, а за градежните работи Градот Скопје потроши 1,2 милиони денари.



## ... КАМНИК

Во должина од 756 метри кракот од улицата Јужноморавски бригади што води кон гробиштата Камник беше проширен и реконструиран. Патот сега има две коловозни ленти и нови тротоари.

За реализација на овој проект, којшто е заедничка инвестиција на Градот Скопје и на општината Гази Баба, беа инвестирани околу 23,5 милиони денари, од коишто Градот Скопје обезбеди 75 насто. На терен работеа екипите на градежната компанија „Бауер БГ“



## ...ЦЕНТАР

Улицата Мито Хаџивасилев Јасмин, во центарот на градот, доби нов лик. Коловозот е обновен на потегот од крстосницата со булеварот Кочо Рацин до крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски, во должина од околу 800 метри.

На реконструкција на улицата Мито Хаџивасилев Јасмин работеа екипите на градежната компанија „Бауер БГ“, а Градот Скопје од Буџетот потроши околу 16 милиони денари.



## ... ШУТО ОРИЗАРИ

Нов асфалт доби и улицата Пелагонија, во општината Шуто Оризари. Коловозот на оваа сообраќајница е обновен во должина од 550 метри за што Градот Скопје издвои 3,2 милиони денари.

Градежните работи ги изврши јавното претпријатие „Улици и патишта“.



## ... ЧАИР

Коловозот на улицата Пере Тошев, во Чаир, беше обновен во должина од 180 метри и сега е широк 6 метри. За овој градежен зафат Градот Скопје потроши околу 1,8 милиони денари, а на терен работеа градежниците на компанијата „Бауер БГ“.

Со обнова на коловозот на улицата Пере Тошев, Градот Скопје ги реши долгогодишните проблеми на нејзините жители, а ја зголеми и безбедноста во сообраќајот.

# МОСТОВИТЕ НА ВАР



## МОСТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

Нова заштитна ограда и ново осветлување во месец октомври доби мостот „Гоце Делчев“. Новата ограда е изработена од цевкасти профили и е составена од 148 монтажни елементи со должина од 3,6 метри и височина од 1,2 метри, коишто се поврзани со столпчиња.

Реконструкцијата на заштитната ограда на мостот „Гоце Делчев“ ја изведоа екипите на градежната фирма „Бауер БГ“, а во овој проект Градот Скопје вложи околу 30 милиони денари.

На мостот „Гоце Делчев“ е поставено и ново осветлување со 26 канделабри, а на десетте 10-метарски столбови до внатрешните огради на мостот се поставени нови посовремени светилки, на декоративни конзоли. На мостот се поставени и неонки за осветлување на трупот, како и 76 рефлектори за амбиентално осветлување на контурите на мостот.

За осветлувањето на мостот „Гоце Делчев“ се погрижија екипите на „Електра-комерц“ Скопје, а за реализација на овој дел од проектот Градот Скопје одвои 3,7 милиони денари.





## „МОСТ НА РЕВОЛУЦИЈА“



И „Мостот на Револуцијата“ осамна во ново руво. На мостот што ги поврзува булеварите Кочо Рацин и Крсте Мисирков реконструрани се тротоарите, оградата и уличното осветлување. Санирани се и оштетените бетонски делови на надворешната страна на мостот.

Новата ограда е изработена од ковано железо. Во неа монтирани се 22 декоративни канделабри. Мостот дополнително го осветлуваат 10 столба од уличното осветлување, а контурите на мостот ги нагласува линиското осветлување.

Реконструкцијата на „Мостот на Револуцијата“ ја извршија екипите на градежната компанија „СИНТЕК ДОО“ од Скопје. За обнова на мостот Градот Скопје потроши околу 27,6 милиони денари.

# ДАР ВО НОВО РУВО





## НОВ МОСТ ВО САРАЈ



На реката Вардар во Сарај во тек е изградбата на нов мост којшто ќе биде долг 50 метри. Новиот премин преку Вардар ќе биде армирано-бетонски, во три распони. На мостот ќе биде изграден коловоз со две сообраќајни ленти, велосипедска и пешачки патеки. Заштитната ограда ќе се состои од челични столпчиња поврзани со профилирана лимарина. Мостот ќе биде осветлен со челични канделабри.

Новиот премин над Вардар во Сарај го градат екипите на градежната компанија „Гранит АД" – Скопје. Вредноста на овој капитален проект е околу 96,8 милиони денари, средства обезбедени од Градот Скопје, општината Сарај и од Владата на Република Македонија.



# АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА МЗ БАЈРАМ ШАБАНИ



Градот Скопје минатиот месец ја почна изградбата на кракот 2 од атмосферската канализација во месната заедница Бајрам Шабани, во општина Чаир. Во текот на градежните работи во должина од 810 метри ќе се постават полиетиленски коругирани цевки со дијаметар од 300 до 800 милиметри, со ревизиони шахти и сливници. Кракот 2 од новата атмосферска канализација ќе се поврзе на постојниот колектор Ф 1900 мм на улицата Цветан Димов.

Заради непречено одвивање на сообраќајот на улицата Цветан Димов во текот на изградбата на атмосферската канализација ќе се применува технологијата на хоризонтално дупчење под патот.

За изградба на кракот 2 од оваа атмосферска канализација Градот Скопје ќе одвои околу 8,4 милиони денари без ДДВ, а на терен ќе работат градежниците од „Пелагонија – Гостивар".

Изградбата на кракот 2 е прва фаза од обемниот проект за изградба на атмосферска канализација во месната заедница Бајрам Шабани што комплетно ќе ги прифаќа и одведува атмосферските води - крак 1 до крак 4, којашто ќе биде со вкупна должина од 2.784 метри. Изградбата на оваа мрежа ќе се одвива во фази.



# ВТОРА ГРАДСКА ПЛАЖА ВО СКОПЈЕ

Во мај Скопје ја доби и втората градска плажа. Плажата „Камен мост" е сместена на левата страна од кејот на реката Вардар, меѓу мостот „Гоце Делчев" и Камени мост. На плажата се поставени стреи и дрвени платформи, 20 маси, 80 столови и 80 лежалки. Подлогата на плажата е од ситен песок. Има и четири шанкови, детско катче со лулашки, бина за одржување манифестации, тушеви, соблекувални, чешми за вода, паркинг-места за велосипеди и корпи за отпадоци.

Дел од Градската плажа „Камен мост" е и одбојкарското игралиште.

Во изградбата на плажата Градот Скопје вложи околу 9 милиони денари, а на терен работеа екипите на градежната фирма „Алкон проект".



## ГРАДСКА КУЌА НА КЕЈОТ НА ВАРДАР

Нов административно-деловен објект за потребите на администрацијата на Град Скопје се гради на улицата Лазар Личеноски, под скопското Кале. Зградата ќе има приземје и пет ката и работен простор за 650 вработени.

Фасадата ќе биде во неокласичен стил, при што ќе бидат запазени сите стандарди за заштеда на енергијата. Новиот административно-деловен објект за потребите на администрацијата на Град Скопје го градат екипите на градежната компанија „Бетон" од Скопје.



## НОВИ ФАСАДИ ВО ЦЕНТАРОТ

Два објекти во центарот на градот (над ресторанот „Пелистер" на улицата 11.Октомври број 2 и на улицата Маршал Тито број 22) наскоро ќе добијат нови фасади. Градот Скопје за реконструкција на фасадата на „Пелистер" од Буџетот издвои околу 14,7 милиони денари, а реконструкцијата ја изведува градежната компанија „Бауер БГ".



## РЕНОВИРАН МЛАДИНСКИОТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР

Реконструкцијата на објектот на Младинскиот културен центар е пред самиот крај. Во обновата на покривот, фасадата, столаријата, тоалетите и денсинг-салата се применети најновите стандарди за енергетска ефикасност. Средствата за реконструкција на МКЦ се обезбедени од фондовите на ЕУ, преку програмата ИПА – развој на локалната инфраструктура и од Буџетот на Градот Скопје.

Во 2011 година за реновирање на одморалиштето во РЦ „Катланово" Градот Скопје од Буџетот одвои 350 000 денари.

# НОВИ ПАРКИРАЛИШТА ВО ГРАДОТ



## ПОД ТРАНСПОРТНИОТ ЦЕНТАР

Градот Скопје ја заврши изградбата на новото паркиралиште наменето за автобуси, комбиња и за лесни моторни возила под Транспортниот центар. Новиот паркинг-простор обезбедува 64 места за паркирање, и тоа 10 места за автобуси, 12 за комби-возила и 42 места за автомобили. Во средишниот дел на паркингот е формирана интерна улица широка 7 метри, со две коловозни ленти.

Градот Скопје во овој проект вложи околу 11,6 милиони денари. Новото паркиралиште под Транспортниот центар го градеа екипите на градежната компанија „Беграмо Инжинеринг“ од Скопје.



## ПРЕД ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА

Од десната страна на булеварот Илинден, пред објектот на Зоолошката градина, екипите на Градот Скопје изградија паркиралиште за 93 возила. Паркингот доби ново осветлување, а е опкружен и со зелен појас од 10 метри.

На изградба на новиот паркинг работеа екипите на градежната компанија „Жикол“, а Градот Скопје за овој проект одвои околу 10 милиони денари.



## НА УЛИЦАТА ВАСКО КАРАНГЕЛЕВСКИ

На улицата Васко Карангелевски, во населбата Аеродром, е отворено паркиралиште за 220 возила. Паркингот се протега на површина од 2 415 квадратни метри, а за неговата изградба Градот Скопје одвои 5 милиони денари.

Градежните работи на овој паркинг ги заврши јавното претпријатие „Улици и патишта“.

# ДВЕ КАТНИ ГАРАЖИ ВО ЦЕНТАРОТ



## НА УЛИЦАТА МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН

Катната гаража што се гради на улицата Мито Хаџивасилев Јасмин ќе има два ката под земја и седум ката над земја, со 445 паркинг-места (по 52 места во подземните нивоа и по 60 места на катовите) од коишто 17 места за паркирање ќе бидат за лицата со посебни потреби.

Пристап кон објектот се предвидува од новопроектираната сервисна улица којашто ќе биде поврзана со улицата Мито Хаџивасилев Јасмин. За потребите на гаражата се предвидени два влеза и два излеза за возила и два влеза за посетителите и корисниците на катната гаража.

За изградба на катната гаража Градот Скопје ќе потроши околу 656 милиони денари. На изградба на објектот работат градежниците од ГД „Гранит" АД Скопје, а гаражата треба да биде готова за 2 години.

## НА УЛИЦАТА ДАМЕ ГРУЕВ

Проблемот со недостигот од паркинг-места во строгиот центар на градот ќе го реши катната гаража што се гради на улицата Даме Груев. Оваа гаража ќе обезбеди јавен паркинг за околу 605 возила.

Новиот објект ќе има 7 ката над земја и две нивоа под земја. Сообраќајот по катови ќе се одвива преку спирална рампа сместена во кула. На секој кат се предвидени тоалети за посетителите, вклучувајќи и тоалет за лицата со посебни потреби. Објектот е енергетски ефикасен, според сите стандарди, со модерни системи за греење и за ладење, како и противпожарна заштита.

Објектот го градат екипите на градежната компанија „Конструктор инжинеринг ДД Сплит", а се очекува да биде готов за две години. Во овој капитален објект Градот Скопје ќе вложи околу 850 милиони денари.





## 148 НОВИ АВТОБУСИ ЗА ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ

Во текот на 2011 година на градските улици почнаа да сообраќаат вкупно 148 нови автобуси, и тоа 68 двокатни автобуси од Кина и 80 нископодни од Украина. Новите автобуси се изработени според сите водечки технологии и се опремени со надворешни и со внатрешни информатори, клима-уреди, рампи за лицата со посебни потреби, како и еколошки мотори коишто ќе обезбедат помало загадување на воздухот и помала потрошувачка на гориво. Со набавката на овие автобуси полека, но сигурно, се решаваат долгогодишните проблеми во јавниот транспорт. Обновата на возниот парк на ЈСП е проект финансиран од Буџетот на Владата на Република Македонија. Тој е резултат на добрата соработка на Градот Скопје со Владата на РМ.

Постарите лица добија можност бесплатно да се возат во автобусите на ЈСП, во вторник и во петок. Можноста за бесплатен превоз се однесува на постарите граѓани, поточно за мажи со наполнети 64 и жени со наполнети 62 години.

Градот Скопје и Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) на 14 октомври потпишаа договор за кредит во вредност од 5,6 милиони евра, коишто Градот Скопје ќе ги искористи за модернизација на контролата на сообраќајот во градот и за реконструкција на улицата Првомајска. Ова е првпат една локална самоуправа во Македонија да обезбеди финансиска поддршка директно од меѓународна финансиска институција, без државна гаранција.

Автобуската линија со број 3 е продолжена до новото автобуско стојалиште на свртувалиштето кај поранешниот хотел „Панорама“, на Водно. Со продолжувањето на автобуската линијата број 3 се излегува во пресрет на 15 000 граѓани коишто живеат во овој дел од Скопје.

Екипи на Градот Скопје работат на уредување на 130 нови такси-постојки, со што ќе се обезбедат услови за стационирање на околу 720 такси возила.




## УНИФИЦИРАНИ АВТО-ТАКСИ ОЗНАКИТЕ

Такси–превозниците добија унифициран изглед во надворешното обележување на возилата и за нивната внатрешност. Секое возило годинава доби унифицирана табла со натпис ТАКСИ и број од изводот од лиценцата, издадена од Град Скопје.

Унифицирањето на изгледот на авто-такси возилата ќе придонесе да се стави крај на долгогодишниот хаос во такси-превозот, со што ќе се подобри квалитетот на услугите, безбедноста на патниците, како и условите за работа на такси-превозниците.



## ЖИЧНИЦА ДО ВРВОТ НА ВОДНО

Сто и дваесет илјади граѓани досега се искачиле до Милениумскиот крст на Водно со новата жичница. Трасата на оваа, нова, градска атракција е долга 1 750 метри и се искачува од 570 метри надморска височина на Средно Водно до 1 068 метри надморска височина на Милениумскиот крст. Жичницата располага со 28 кабини за по осум лица и две ВИП кабини за по четири лица. Гондолите од надворешната страна се опремени со држачи за велосипеди.

Жичницата на Водно ја финансираше Владата на РМ преку Министерството за транспорт и врски, а ја градеше австриската фирма „Допелмаер“. Со жичницата стопанисува ЈСП „Скопје“.



## УРЕДЕН ПРОСТОРОТ ОКОЛУ МИЛЕНИУМСКИОТ КРСТ

Платото околу Милениумскиот крст е комплетно уредено и нуди содржини за одмор и рекреација на посетителите. Околу Милениумскиот крст се оформени два кружни исечоци, а површината е покриена со различни типови камен коишто се вклопуваат во планинскиот амбиент.

Во круговите на платото е поставена урбана опрема – клупи, корпи за отпадоци и осветлување.



### ПО КЕЈОТ НА ВАРДАР ДО МОСТОТ „БЛИЗНАК"...

Во текот на ова лето ролерско-велосипедската патека којашто минатата година беше изградена до фабриката „Комуна" е продолжена до мостот „Близнак". Оваа делница од патеката е долга 2 338 метри, широка 4 метри и е покриена со асфалт.

На изградба на овој дел од ролерско-велосипедската патека на кејот работеа екипите на фабриката „Карпош" и на ЈП „Улици и патишта". Градот Скопје за овој градежен зафат потроши околу 7 милиони денари.

# ПРОДОЛЖУВА ИЗГРАДБАТА НА РОЛЕРСКО-ВЕЛОСИПЕДСКИТЕ ПАТЕКИ



### ... И ОД ЦЕНТАРОТ КОН ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Нова можност за спортување и рекреација нуди и новата велосипедска врска на левата страна од кејот на Вардар, на потегот од булеварот Гоце Делчев до булеварот 8.Септември. Патеката е долга 3 000 метри, асфалтирана е и обележана.

За реализација на овој проект Градот Скопје издвои околу 16,5 милиони денари, а на терен работеа екипите на градежната компанија „Жикол" Дооел Струмица.



## ЦВЕТНИОТ ПАЗАР НА НОВА ЛОКАЦИЈА

Цветниот пазар се пресели на нова локација, спроти Домот на печатот. На површина од 242 квадратни метри се изградени 16 цвеќарници наредени во два реда. Екипите на Градот Скопје ја изградија платформата на којашто се поставени дуќаните. Изградбата на куќарките е финансирана од закупците, а вложените средства ќе им бидат одбиени од закупнината што треба да ја платат за наем на просторот што го користат.

Цветниот пазар располага и со паркинг-простор. Околу Цветниот пазар е засадена трева и садници.




Екипите на ЈП„Паркови и зеленило" хортикултурно ги уредија трите жардиниерите на булеварот Видое Смилевски - Бато.

Ново зеленило е засадено и во средишната жардиниера на булеварот Партизански одреди, на потегот од мостот „Обединети нации" до раскрсницата кај Порта Влае.

# ГОЛЕМА АКЦИЈА ЗА ОБНОВУВАЊЕ





Градот Скопје ја почна акцијата за обнова на дрворедите по должината на булеварите и во новоподигнатите парковски површини. Во акцијата ќе се засадат 2 100 листопадни и зимзелени садници, од 17 вида.

Во првата фаза од оваа активност ќе се обноват дрворедите на булеварите Свети Климент Охридски (се засадуваат црвени јавори), на Митрополит Теодосиј Гологанов (даб), на Видое Смилевски Бато, на Партизански одреди и на 8 Септември (каталпи и цреши). Јапонски цреши се засадени и кај паркингот на Зоолошката градина.



# НА ДРВОРЕДИТЕ




Во рамките на акцијата на Град Скопје за обновување на зеленилото, екипи на ЈП „Паркови и зеленило“ ќе ги заменат постојните исушени садници од видот јапонска цреша на улицата Максим Горки.

Градот Скопје за реализација на оваа акција за есенско садење 2 100 садници издвои околу 6 милиони денари.

- Од почетокот на мојот мандат досега на територијата на Скопје се засадени 42 000 садници, а вакви акции ќе организираме и следната година – вели градоначалникот Коце Трајановски.

## ДОДЕЛЕНИ 5.000 САДНИЦИ

И годинава Градот Скопје додели 5 000 садници (листопадни, зимзелени дрвца и грмушки) на заинтересираните куќни совети, урбани и месни заедници и јавни установи.

Акцијата на Град Скопје за доделување садници годинава се организираше по четврти пат. Секоја година се доделуваат дрвца во вредност од два милиона денари, распоредени во две етапи, напролет и наесен. Доделувањето садници ќе продолжи и следната година.



## „ДЕН НА ДРВОТО-ЕСЕН 2011“

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева, советници, претставници од градската администрација, јавните претпријатија, установите од областа на културата, невладини организации и средношколци на 23 ноември засадуваа садници на четири локации во рамките на парк-шумата „Водно“ и активно се вклучија во акцијата „Ден на дрвото – есен 2011“. Претставниците на Градот Скопје засадија 10 000 дрвца и тоа, 3 000 чемпреси и 7 000 борови.



## ПРИКОЛКА ЗА ПРЕВОЗ НА КРУПЕН ДОБИТОК

За потребите на ЈП „Комунална хигиена“ Градот Скопје во јули набави приколка за превоз на крупен добиток. Приколката ќе се користи за транспорт на коњи коишто ќе бидат заловени на јавните зелени површини низ градот.

За набавка на оваа приколка Градот Скопје од Буџетот издвои 298.965 денари.

## ЖИЧЕНИ КОНТЕЈНЕРИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ НИЗ ГРАДОТ

Градот Скопје постави 116 трикоморни мрежести контејнери за селективно собирање отпадна пластика, хартија и лименки. Овие контејнери се распоредени во сите десет скопски општини, со што се создадоа услови граѓаните на Скопје отпадот од пакувања од нивните домаќинства да го селектираат и одложат во наменскиот контејнер поставен на најблиската локација.





## 60 000 ПЛАСТИЧНИ КАНТИ ЗА ОТПАД

Како дел од заложбата на Градот Скопје за почист град и поефикасно подигање на собраниот отпад, на индивидуалните домаќинства во Скопје ќе им бидат бесплатно поделени 60 000 пластични канти за отпад.

Вредноста на овој проект е околу 900 илјади евра, пари обезбедени како кредит од Светската банка, со помош на Владата на Република Македонија.

## НЕФОРМАЛНИТЕ СОБИРАЧИ НА ОТПАД - ДЕЛ ОД ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“

Неформалните собирачи на селектиран отпад годинава потпишаа договори и станаа дел од интегрираниот систем на ЈП „Комунална хигиена“ за селектирање и преработка на отпадот од пакувања, што им дава правно признание за нивните активности. Деветнаесет неформални собирачи го собираат селектираниот отпад од подрачјето на општините Ѓорче Петров, Карпош и Центар.

Собраниот отпад во рециклажниот двор на булеварот Илинден ќе го откупува ЈП „Комунална хигиена“, ќе го презема, балира и ќе обезбеди пласман на секундарната суровина преку „Пакомак“.



# ОПРЕМА ЗА ЈАВНИТЕ ГРАДСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА



## ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“

Градот Скопје за потребите на ЈП „Паркови и зеленило“ годинава набави 2 трактора со приколка и приклучни машини за косење трева; 10 самоходни тракторски тревокосачки со корпа; 10 рачни моторни тревокосачки со корпа и 14 тримери со што се подобри ефективноста и квалитетот на работата на ова јавно претпријатие.

За набавка на новата опрема Градот Скопје од буџетот издвои 3,5 милиони денари.

## ЈП „ КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“

Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ годинава се опреми со 23 нови специјализирани возила за собирање отпад. За набавка на првите шест специјализирани возила Градот Скопје на ЈП „Комунална хигиена“ му додели наменски средства во висина од 30,5 милиони денари. За набавка, пак, на 17 возила за потребите на претпријатието средствата во вредност од околу 110 милиони денари се обезбедени со кредит на Република Македонија од Светската банка во рамките на „Проектот за подобрување на општинските услуги“, како подзаем на Градот Скопје.

Со овој чекор јасно се потврдува посветеноста на Градот Скопје да го опреми ЈП „Комунална хигиена“ со нова механизација и значително да ја подобри хигиената во градот.





## ЈП „ДРИСЛА“

Со механизација се поднови и јавното претпријатие „Дрисла“. Набавени се 7 половни возила, од коишто 2 булдожера за работа на депонијата, компактор за работа на депонија, багер гасеничар, 2 камиона и цистерна за вода.

Вкупната вредност на опремата изнесува околу 40 милиони денари, од коишто 20 милиони денари се средства од Град Скопје, а 15 милиони денари се обезбедени од сопствени приходи на ЈП „Дрисла“.



## ЧЕТИРИ ЧЕШМИ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК

Во првиот дел од Градскиот парк екипи на Градот Скопје изградија четири нови стилизирани чешми за вода. Во овој проект Градот Скопје вложи околу 1,2 милиони денари.



## ОБНОВЕНО ОСВЕТЛУВАЊЕТО ВО ПАРКОТ

Нови декоративни светилки го осветлуваат првиот дел на Градскиот парк. Поставени се 27 нови метални декоративни столбови со висина од 5 метри, на коишто се монтирани светилки од 70W, како и 7 рефлектори за осветлување на фонтаната „Хептагон“.



## ПЕШАЧКА ПАТЕКА ВО КАЊОНОТ МАТКА

Пешачката патека во кањонот Матка, од црквата „Свети Андреа“ до месноста Висок рид е обновена во должина од 4 000 метри. За целосна реконструкција на оваа пешачка патека и на безбедносната ограда Градот Скопје од Буџетот издвои околу 4 милиони денари.




## ЖИВЕАЛИШТА ЗА СЛОНОТ И ЗА ЖИРАФАТА

Во Зоолошката градина во тек е изградбата на новите живеалишта за слон и за жирафа. Живеалиштата се градат на површина од околу 4 000 квадратни метри, а самите објекти коишто ќе бидат од цврста градба ќе се простираат на околу 400 квадрати.

Проектот чини околу 15 милиони денари, пари што се целосно обезбедени од Буџетот на Град Скопје. Изведувач на градежните работи е фирмата „Алкон проект“.

## ИНФОЦЕНТАР ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Во просториите на Град Скопје се отвори Канцеларија за управување со енергијата и Инфоцентар за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

Во Канцеларијата граѓаните на Скопје може да добијат применливи информации како да ја намалат потрошувачката на енергија во своите домови.



## НОВА ОПРЕМА НА ВОДНО И НА ГАЗИ БАБА

Во рамките на парк-шумата „Водно" екипите на Град Скопје годинава изградија 2 композиции со видиковци составени од по три елементи под Милениумскиот крст, едно детско игралиште, 4 дрвени куќарки, 4 единечни видиковци, 18 комплети маси со клупи и 55 корпи за отпадоци.

Во парк-шумата „Гази Баба" е уредена патека долга 3 километри, наместени се 7 комплети маси со клупи и 46 корпи за отпадоци, а реконструирана е и постојната урбана опрема.





## ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ

Годинава Градот Скопје влезе во големото семејство европски градови коишто секоја година ја организираат најраширената кампања за одржлива мобилност – Европската недела на мобилност во којашто членуваат и се активни неколку илјади градови од Европа со над 220 милиони жители.

Во градот се одржаа повеќе активности за промоција на алтернативната мобилност и подигање на еколошката свест.



## ДИСПЛЕЈ ЗА МЕРЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

Специјален дисплеј поставен на улицата Македонија, пред Домот на АРМ, го мери квалитетот на воздухот во центарот на градот и ги прикажува измерените вредности на загадувачките материи. Поставувањето на дисплејот е дел од заложбата на Градот Скопје за заштита на животната средина и квалитетно и навремено информирање на граѓаните за квалитетот на воздухот.

За набавка на дисплејот Градот Скопје потроши околу 5 милиони денари.




## 17 МОДЕРНИ ТУРИСТИЧКИ ПАНОА

Градот Скопје постави 17 двострани рекламни паноа, со 34 тродимензионални туристички мапи на коишто се прикажани најзначајните места во нашиот град. Мапите се тројазични (на македонски, албански и на англиски јазик) и содржат приказ на регионот со легенди и со информации за важните институции и други обележја значајни за градот Скопје.

Билбордите се поставени на различни локации во централното градско подрачје.

## СТРАТЕГИЈА ЗА ЗАШТИТА НА СКОПСКИОТ АКВАДУКТ

Со презентацијата на публикацијата „Стратешки план за заштита и рехабилитација на Аквадуктот во Скопје и неговата околина“ во февруари почна процесот на домашна и на меѓународна афирмација на еден од најстарите, најзначајните и најзачувани артефакти од ваков вид во овој дел на Европа.

Планот предлага аквадуктот да се доистражи и заштити, околината да се уреди и да се отвори за посетителите, а локацијата да се промовира како вистинска туристичка и културна дестинација во градот.



## ВОВЕДЕН ГЕОГРАФСКИ ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ

Градот Скопје го воведе Географскиот информативен систем (ГИС) во работата на администрацијата, што е еден од условите за успешно работење и исполнување на нејзината примарна задача да биде сервис на граѓаните. Со воведувањето на ГИС се зголемува ефективноста во работењето, при донесувањето одлуки се користат информации од многу извори, брзо се обработуваат податоците и се носат одлуки за многу комплексни прашања како што е планирањето и уредувањето на просторот.





## ПОСТАВЕНИ 11 ТЕЗГИ ЗА КНИГИ

Единаесет унифицирани стилски тезги, наменети за продажба на книги и на печатени публикации, во април беа поставени на улицата Македонија и на плоштадот „Македонија“.



## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Екипи на Градот Скопје ги реконструираа објектите на 12 средни училишта со цел да се подобрат условите за работа на учениците и на вработените. За реконструкцијата Градот Скопје издвои милион евра.

Во училиштата беа реновирани санитарните јазли, ѕидните и подните површини, заменета е столаријата, покривите и електричната инсталација. Со овој проект беа опфатени средните училишта на Град Скопје: „Михајло Пупин“, „Владо Тасевски“, „Никола Карев“, „Здравко Цветковски“, „Димитар Влахов“, „Браќа Миладиновци“, „Арсениј Јовков“, „Панче Арсовски“, „Зеф Љуш Марку“, „Раде Јовчевски–Корчагин“, „Георги Димитров“ и „Орце Николов“.



## МИНИ АТЛЕТСКИ ТЕРЕН ВО СУГС „ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ“

Во дворот на СУГС „Здравко Цветковски“ е изграден мини атлетски терен со атлетска патека за спринтерско трчање на 100 метри, патека за скок во далечина и платформа и терен за фрлање ѓуле.

Теренот го изградија екипи на ЈП „Улици и патишта“, а за овој проект Градот Скопје издвои 1,1 милион денари.



## ЛИГА НАТПРЕВАРИ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА 2011/2012

На 9 ноември почнаа лига натпреварите во женска и во машка конкуренција меѓу екипи од средните училишта во градот Скопје за учебната 2011/2012 година. Дваесет и девет екипи се натпреваруваат во футсал, ракомет, одбојка, кошарка, куглање, пинг-понг, атлетика, одбојка на песок и други спортови.

Најдобрите две екипи од секој спорт, ќе се натпреваруваат на државното првенство на ниво на средни училишта.

## БОКСЕРСКИ ТУРНИР „ЗЛАТЕН ГОНГ“

Македонскиот боксер, во категорија од 75-81 килограми, Фатлум Жута, е добитник на главната награда на Меѓународниот традиционален боксерски турнир „Златен Гонг“ што од 10 до 12 ноември се одржуваше во Спортскиот центар „Борис Трајковски“.

Годинава, во рамките на Меѓународниот боксерски турнир, се натпреваруваа боксери од 15 земји од светот меѓу кои: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Белорусија, Италија, Романија, Чешка, Србија, Словенија, Хрватска, Русија, Молдавија, Тунис, Шпанија и Македонија.






### По повод 13 Ноември

## НАД 400 УЧЕСНИЦИ ВО ДВЕТЕ НОЌНИ ТРКИ

Над 400 велосипедисти и атлетичари учествуваа во двете традиционални ноќни трки, Ноќна атлетска и Ноќна велосипедска трка „Низ улиците на Скопје“, што се одржаа по повод 13-ти Ноември, Денот на ослободувањето на Скопје.

Организатор на Ноќната атлетска трка е Атлетската федерација на Македонија, а на Ноќната велосипедска трка, Велосипедската федерација на Македонија. Покровител на трките е Градот Скопје.

## 5.СКОПСКИ МАРАТОН 2011

Атлетичарите од Кенија триумфираа на петтиот по ред Скопски маратон што на градските улици се трчаше на 8 мај. На маратонот беа пријавени околу 3 000 учесници од Турција, Србија, Црна Гора, Бугарија, Романија, Албанија, Унгарија, Молдавија, Кенија и од Македонија.

Кениецот Диксон Терер беше најдобар во машка конкуренција, а меѓу жените најдобра на патеката од 42 195 километри беше неговата сонародничка Сесилија Варутумо.

Скопскиот маратон е во организација на Градот Скопје, Сојузот на спортови на Скопје, Атлетската федерација на Македонија, Атлетскиот клуб „Работнички“ и Делегацијата на ЕУ во Република Македонија.





# ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ „13 НОЕМВРИ“ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2011 ГОДИНА

## ЗА НАЈДОБРИ СПОРТИСТИ И СПОРТСКИ РАБОТНИЦИ

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, свечено им ја врачи наградата „13 Ноември“ на најдобрите спортисти и спортски работници во изминатата 2011 година. Годинешни добитници на наградата „13 Ноември“ што се доделува на спортисти, тренери, екипи, спортски работници, спортски работници за животно дело, општественици и професори по физичко воспитување се:

Саве Василевски професор во основното училиште „Страшо Пинџур“ и Тони Станчески, професор во ДУФК „Методија Митевски-Брицо“ и СУГС „Здравко Цветковски“ за досегашните постигнати резултати.

За најуспешни спортисти за 2011 година беа прогласени Евгениј Поп Ацев (маратонско пливање), Димитар Димовски (ватерполо) и Александар Ѓеорѓиевски (кик-бокс).

Најдобрите тренери за 2011 година се Лино Червар, Тони Стојановски и Боби Кузмановски.

Машката екипа на Ракометниот клуб „Металург“ ја доби наградата „13 Ноември“ за најдобра спортска екипа за 2011 година.

Најдобри репрезентации за 2011 година се Кошаркарската репрезентација на Македонија и Ватерполо репрезентацијата.

Наградата за животно дело им беше доделена на спортските работници Михајло Михајловски, Слободан Младеновски и Ајруш Синани.

За Спортски работници за 2011 година беа прогласени Зоран Шишковски и Александра Неделковска.

Наградата за Општественик, којшто најмногу придонел во развојот на спортот и физичката култура во својата општина, беше прогласен Изет Меџити, актуелен градоначалник на општината Чаир.




## ЗА ПОЕДИНЦИ И ГРУПА ТВОРЦИ

Градоначалникот Коце Трајановски ја додели престижната награда „13 Ноември“ на Град Скопје за 2011 година и на поединци и група творци. Годинешните добитници на познатото градско признание се:

- Од областа на науката - д-р Никита Шекутковски
- Од областа на образованието и воспитувањето - проф.д-р Љубинка Басотова
- Од областа на уметноста - Бојку Фејзи и Димитар Масевски
- Од областа на публицистиката - Борис Поп Ѓорчев
- Од областа на спортот - Бошко Заборски
- Од областа на хуманитарната активност - Александар Јаневски
- Од областа на стопанството - Мичо Поповски

Наградата „13 Ноември“ на Град Скопје во 2011 година за правни лица ја доби Здружението „Центар за истражување и информирање за животната средина „Еко-Свест“, а Иван Антоновски, Таско Смилески и Александар Степановски се годинешните ученици и студенти, добитници на оваа позната градска награда.




Пиволенд 2011



Награди за најдобрите на „Cinedays“



МОТ



Баскерфест 2011




„Вино-скоп 2011“



45 години Универзална сала



Појадок на мост



Оро без граници